SSWAHTU: 825
MACEDONIAN
APRIL 2008

SOUTH EASTERN SYDNEY ILLAWARRA
NSW HEALTH

# СОВЕТ ЗА ПАЦИЕНТИ КОИ ИЗЛЕГУВААТ ОД БОЛНИЦА ПОСЛЕ ОПЕРАЦИЈА НА ГЛАУКОМА (ADVICE TO PATIENTS LEAVING HOSPITAL AFTER GLAUCOMA SURGERY)

## Што е тоа глаукома (What is glaucoma?)

Глаукомата е состојба при која што очниот нерв во внатрешноста на задниот дел од окото полека се влошува. Ова обично се случува како резултат на зголемување на очниот притисок, поради неправилен одлив на течност од окото. Оштетувањето напредува многу споро и постепено го намалува видот. Изгубениот вид е неповратно изгубен.
Кога ќе се открије присуство на глаукома, лечењето без одлагање може да го спречи понатамошното губење на видот. Хируршки оперативни техники како што е "трабекулектомија" ("trabeculectomy") можат да го контролираат очниот притисок преку отварање на нов канал за истекување на течноста од окото. Целосното оздравување може да потрае се до 3 месеци.

## Ќе имам ли болка во окото после операција на глаукома ? (Will I have pain in my eye after glaucoma surgery?)

После операцијата повеќето луѓе доживуваат мала неудобност во окото (блага болка или мал јадеж). За отстранување на неудобноста можете да се напиете парацетамол таблетки (нпр. "Панадол","Панамакс").
Ако почуствувате **голема болка** внатре или околу окото додека лежите в болница или откако ќе си појдите дома, морате одма да го информирате вашиот лекар или болничкиот персонал. Ве молме НЕ ЧЕКАЈТЕ до вашиот следен лекарски преглед (DO NOT wait for your next appointment).

Болничкиот персонал можете да го контактирате преку телефонската централа на број: 9382 7111